Денес во организација на Центарот за развој на Вардарски плански регион се одржа првата седница на Советот за развој на Вардарски плански регион.

Според Законот за рамномерен регионален развој и во согласност со Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеност за Вардарскиот плански регион годинава ќе се издвојат 14,7% од вкупните средства за таа намена или приближно 29.532.300 денари.

Со цел ефикасно искористување на расположливите средства, Градоначалниците од Вардарски плански регион, ја исполнија својата законска обврска како членови на советот  и едногласно ја усвоија Годишна листа на предлог-проекти за развој на Вардарскиот плански регион за 2018 година финансирани од страна на Министерството за локална самоуправа – Биро за регионален развој.

Советот за развој на Вардарскиот плански регион издвои осум регионални, претежно инфраструктурни проекти, кои беа рангирани и поставени на листа како приоритетни за наредната година.



